

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец јануари 2024

Датум: 12.02.2024
Сектор за Инвестиции

SAVA PENZISKO

## Содржина

1. УНИБанка АД Скопје ........................................................................................................................ 3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец јануари 2024 година, се одржа акционерско собрание на УНИБанка АД Скопје, компанија во која задолжителниот и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и согласно Правилникот имаат обврска за присуство и известување.

# 1. УНИБанка АД Скопје

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. УНИБанка АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **УНИБанка АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **4,987%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,265%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 16.01.2024 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Избор на работни тела на Собранието<br>- избор на Претседавач на Собранието;<br>- избор на бројач на гласови;<br>- избор на записничар.<br><br>**Работен Дел**<br>1. Предлог Одлука за одобрување на користење куповна опција на капитален инструмент (Прва емисија на Перпетуални обврзници); и<br>2. Предлог Одлука за изменување на Одлуката донесена на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје заведена со СО бр.02/31-8-1 од 28.04.2017 година. | |

| | |
|---|---|
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

**II. УНИБанка АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на УНИБанка АД Скопје, се одржа на 16.01.2024 година со почеток во 11 часот во просториите на Банката на ул. Максим Горки бр. 6, Скопје.
Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на УНИ Банка АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на работни тела на Собранието
   - избор на Претседавач на Собранието;
   - избор на бројач на гласови;
   - избор на записничар

**По предлозите од процедуралниот дел гласаше ЗА**

**Работен Дел**

1. Предлог Одлука за одобрување на користење куповна опција на капитален инструмент (Прва емисија на Перпетуални обврзници)

**Гласаше ЗА**

2. Предлог Одлука за изменување на Одлуката донесена на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје заведена со СО бр.02/31-8-1 од 28.04.2017 година

**Гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на УНИБанка АД Скоје

На седницата на вонредното акционерско собрание се констатираше дека со лично присуство или преку полномошници се претставени акционери кои поседуваат 78,36% од вкупниот број на акции со право на глас, со што се исполнети условите за одржување на Собранието.

Откако се утврди дека се исполнети условите за работа, се премина кон гласање по точките од Процедуралниот дел. Предложениот кандидат за Претседавач, и предложеното лице за бројач на гласови беа поддржани од сите присутни акционери. Бидејќи на вонредното акционерско собрание се одлучуваше за измена на податок кој се запишува во Трговскиот регистер, записникот го водеше Нотар Нада Палиќ од Скопје.

Со завршување на Процедуралниот дел се премина на гласање по точките од Работниот дел од Дневниот ред.

По однос на првата точка од Работниот дел т.е. Одлуката за одобрување на користење куповна опција на капитален инструмент-прва емисија на Перпетуални обврзници, се отвори расправа

за адекватноста на капиталот на Банката и како откупот на обврзницата ќе се одрази врз воспоставената политика за исплата на дивиденда. Од страна на Одговорниот директор за усогласеност со прописите беше истакнато дека, со цел нивото на адекватноста на капиталот и сопствените средства да останат непроменети, Банката во ноември 2023 година издаде нова трета емисија на Перпетуални обврзници во вредност од 1,35 милиони евра, кој заедно со дел од тековната добивка ќе се вклучат во пресметката на редовниот основен капитал на Банката во текот на јануари 2024 година. За потврда на остварената добивка обезбедено е писмо од надворешен ревизор, во кое е наведено дека финансиските извештаи се изготвени согласно регулативата на Народната Банка на Р.С. Македонија, и не се најдени сознанија поради кои конечните ревизорски извештаи би содржеле квалификувано мислење. Согласно направената ревизија Банката заклучно со 30.09.2023 година има добивка од 4,9 милиони евра, што заедно со третата емисија на Перпетуални обврзници преставува доволен износ за замена на намалениот капитал по основ на откупот на прва емисија на Перпетуални обврзници, во износ од 5 милиони евра.

Во однос на дивидендата беше образложено дека Банката своето работење го усогласува со Одлуката за добро корпоративно управување и Кодексот за корпоративно управување на котираните акционерски друштва, а распределбата на добивката ќе биде предмет на разгледување на редовното годишно акционерско собрание на УНИБанка АД Скопје.

По исцрпување на дискусијата се премина кон гласање. Одлуката за одобрување на користење куповна опција на капитален инструмент - прва емисија на Перпетуални обврзници беше едногласно усвоена од страна на присутните акционери.

Во однос на втората точка од Работниот дел, од страна на акционер кој има над 5% од вкупниот број на акции со право на глас, беше предложена Одлука за зголемување на месечниот надоместок на членовите на Надзорниот Одбор од 400 евра на 520 евра. Предлогот за зголемување е во насока на усогласување на надоместокот со растот на цените во државата, особено имајќи ја во предвид одговорноста и обврските на членовите на НО утврдени со законските и подзаконските акти. И, оваа Одлука беше едногласно усвоена од страна на присутните акционери.

Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од страна на акционерите. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше **ЗА** по сите точки од Дневниот ред.

Со усвојувањето и на последната точка од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи вонредното акционерско собрание за затворено.